совет за етика во
медиумите на македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 148/0102
05.04 2019 год.
Скопје

# Извештај за активностите на Советот за етика во медиумите на Македонија

# јануари – декември 2018 година

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**СОДРЖИНА**

1. **ВОВЕД**
2. **ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА СОВЕТОТ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА**
   - **2.1 Промотивни активности, информирање на јавноста и истражувања и анализи**
   - **2.2 Редовни активности на Комисијата за жалби, процес на медијација и одлучување**
   - **2.3 Подготовка на иницијативата за формирање Мрежа за борба против говор на омраза во медиумите**
   - **2.4 Доделување награди за професионално новинарство**
   - **2.5 Локална, регионална и меѓународна соработка**
   - **2.6 Избор на нови тела на СЕММ**
   - **2.7 Градење на капацитетите на СЕММ**
3. **ИДНИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ**

## 1. ВОВЕД

Советот за етика во медиумите на Македонија во текот на изминатата година своите активности, главно, ги фокусираше во следниве сегменти:

- Промотивни активности и информирање на јавноста
- Редовни активности на Комисијата за жалби, процес на медијација и одлучување
- Подготовка на иницијативата за формирање Мрежа за борба против говор на омраза во медиумите
- Доделување награди за професионално новинарство
- Локална, регионална и меѓународна соработка
- Активности за стратегиско планирање
- Градење на капацитетите на СЕММ.

Поддршка за функционирањето на СЕММ и за реализација на активностите во 2018 година имаше обезбедено од следниве донатори: Амбасадата на Кралството Холандија (преку двогодишен институционален грант, чија реализација започна во август 2017 година), УНЕСКО Париз (преку едногодишен акциски грант), делумно од Швајцарската агенција за развој и соработка преку Програмата ЦИВИКА (со двегодишен институционален грант, од март 2016 до март 2018 година), преку МЦМС (за периодот од јули 2018 до јуни 2019 година) и од Делегацијата на ЕУ за организирање на годишниот конкурс Жан Моне.

## 2. Преглед на активностите на Советот во периодот јануари – декември 2018 година

### 2.1 Промотивни активности и информирање на јавноста

Организирани се бројни дебати и средби со раководството на медиумите во различни градови ширум државата (Тетово, Гостивар, Скопје, Струмица, Штип, итн.), во обид да се обезбеди поддршка за функционирањето на саморегулативното тело.

Организиран е Отворен ден на СЕММ на 31 мај во Скопје. Дел од настанот опфати и одржување на јавна седница на Комисијата за жалби и панел-дискусија со претставници на холандскиот и белгискиот Совет за етика.

Се подготвува и билтен со кој се сумираат главните активности и постигнувања, како и информативно и едукативно видео. Минатата година, беа подготвени три видеа: Видео со „Статистички преглед на работењето на Комисијата за жалби“, видео од „Отворениот ден на Советот за етика во медиумите“ и видеото „Во еден глас за слободата на изразување“, во рамки на доделувањето на наградата Жан Моне“.

Континуирано се остварува комуникација со медиумите во различни форми, а во однос на прашања и теми од областа на дејствување на СЕММ.

Подготвен статистички преглед (инфографик) за одлуките на Комисијата за жалби за 2018 година. Инфографикот беше споделен на сите социјални платформи на Советот за етика, со сите членки на СЕММ и медиумите во Р.М

**2.2 Редовни активности на Комисијата за жалби, процес на медијација и одлучување**

Комисијата за жалби при СЕММ редовно одржува седници на кои се разгледуваат претставките за различни случаи на непрофесионално известување во медиумите. Во СЕММ во текот на 2018 година добиени се 68 жалби.

Донесените одлуки се поставуваат на веб-страницата на СЕММ, а се споделуваат и на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер, како и преку мрежите на граѓански организации, медиумите, членството, итн. За механизмот на поднесување претставки и воопшто за начинот на кој функционира саморегулацијата се дискутира на бројни настани и во комуникација со медиумите.

Советот за етика подготви и принципи за прием на Интернет порталите како членови на ова саморегулативно тело.

Членовите на Комисијата за жалби поддршка во својата работа добиваат и низ **редовна комуникација со колегите од советите за етика во регионот и од Алијансата за независни совети за етика во Европа.**

**2.3 Подготовка на иницијативата за формирање Мрежа за борба против говор на омраза во медиумите**

На 31 октомври и 1 ноември, со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беше организиран Дијалог со претставници на професионалните новинарски и медиумски организации, граѓански здруженија, државни тела за заштита на човековите права и државни и регулаторни тела, отпочнувајќи ја дискусијата за формирање Мрежа за борба против говор на омраза во медиумите. На 18 декември, на втората средба на овие претставници, во Скопје, беше усогласено да се формира Мрежата за борба против говор на омраза, која официјално беше промовирана на почетокот на оваа година.

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**2.4 Доделување награди за професионално новинарство**

Советот за етика во медиумите, со поддршка од УНЕСКО и ЕУ во рамки на проектот „Градење доверба во медиумите во Југоисточна Европа и Турција" организираше конкурс за најдобри новинарски стории од сферата на општествено – социјалниот живот, со фокус на унапредувањето на човековите права и промовирањето на правата на социјално ранливите и маргинализирани групи. Доделени се три најгради за најдобри стории (Хеуран Аќифи – Алсат М, Ана Цветковска Тороманоска и Борис Куноски од МИА, Емилија Петреска и Стефанија Тенекеџиева – МОФ и три пофалници). Се пријавија 62 стории од вкупно 35 автори, од кои 28 беа објавени на интернет портали, 10 во печатени медиуми, 13 на телевизија, 8 на радио и 3 на други медиумски платформи.

СЕММ го организираше конкурот на Делегацијата на Европската Унија за наградата „Жан Моне" за најдобра новинарска сторија, како и за најдобра репортерска и аматерска фотографија. Наградите беа доделени на 14 декември ( Бојан Блажевски, „Билд", Томислав

Георгиев - најдобра репортерска фотографија и Александар Ристовски - најдобра аматерска фотографија. Темата на конкурсот за најдобра новинарска сторија и најдобра репортерска фотографија беше „Градење доверба во несигурни времиња", а за аматерска фотографија на тема „Нашата различност, наша сила".

**2.5 Локална, регионална и меѓународна соработка**

СЕММ е членка на **Алијансата за независни совети за етика во медиумите во Европа (Alliance of Independent Press Councils of EUROPE-AIPCE).** Притоа, Извршната канцеларија е во редовна комуникација со претставници на другите членки на Алијансата. Тоа во значителна мерка е од помош во работењето, со оглед на размената на информации, знаење, совети во решавањето одредени случаи, итн.

СЕММ, исто така, е во редовно соработка со професионалните медиумски организации во државата, координирајќи се околу значајни прашања поврзани со новинарската етика и професија, како и во однос на потребата од медиумски реформи.

СЕММ се приклучи на иницијативата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за формирање Мрежа за медиумска писменост, во која членуваат граѓански организации, креатори на политики, едукатори, државни институции и други релевантни засегнати страни. Во Политиката за медиумска писменост на Агенцијата е наведено дека ќе се работи на поттикнување на секоја директна или индиректна активност што би придонела за подобри вештини на граѓаните за медиумска писменост и учество во општеството преку медиумите.

СЕММ активно учествуваше во поддршката на мрежата за етичко известување за ЛГБТИ заедниците. Поконкретно, беше иницирана Декларација за етичко известување, во партнерство со ЗНМ, Коалицијата Маргини и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што беше официјално претставена на 20 март, минатата година.

СЕММ беше активно вклучен и во дискусиите за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заедно со другите професионални медиумски и новинарски организации. Исто така, СЕММ учествуваше во дискусиите иницирани од Министерството за правда и граѓанското здружение Мост за измени на Изборниот законик, кои што се случуваа во мај, минатата година.

Со Советот за етика во Албанија беа организирани две работилници за градење на капацитетите на Советот за етика во оваа соседна држава, кое е најново формирано саморегулативно тело на Балканот. Работилниците се организираа во април, минатата година.

Освен тоа, СЕММ е во редовна комуникација со советите за етика во регионот.

На 15 февруари, во Гдањск, Полска работата на СЕММ и ангажманот околу слободата на изразување и саморегулацијата беше претставена на конференцијата „Слободни медиуми во Европа“.

Од 1 до 4 март, претставници на Советот за етика учествуваа на Регионалната средба во Белград, организирана од Советот за етика на Босна и Херцеговина, на која што беа присутни претставници од сите Совети за етика од регионот. На средбата се дискутираше за проблемите со кои се соочуваат советите за етика во медиумите во регионот, за феноменот со лажните вести, развојот на дигитални медиуми и финансиската иднина на медиумските саморегулаторни тела во регионот.

На 27 и 28 април СЕММ учествуваше на Годишниот форум за медиуми на Југоисточна Европа, при што се учествуваше во дискусиите во однос на професионализмот во новинарството.

На интерпарламентарната конференција „Поддршка на слободата на изразување, вклучувајќи ја и слободата на медиумите, во ЕУ и пошироко“ од 14-15 јуни минатата година во Прага, учествуваше и претставник на СЕММ, претставувајќи го начинот на кој функционира саморегулацијата и акцентирајќи ја потребата од координација меѓу различните актери во општеството во заштитата на слободата на изразување и медиумските слободи и права.

Претставници на СЕММ учествуваа на годишната конференција на Алијансата за независни совети за етика во медиумите во Европа, во Хелсинки, од 11-13 октомври минатата година.

**2.6 Избор на нови тела на СЕММ (Управен и Надзорен одбор)**

На 30 март минатата година беше организирано Изборно собрание, при што беа избрани нови члеови на Надзорниот и Управниот одбор на организацијата, со мандат од четири години.

**2.6 Активности за стратегиско планирање**

На 2 октомври е организирана е работилница за стратегиско поврзување на органите на СЕММ и за подобрување на процедурите за транспарентност и отчетност кон јавноста, со учество на претставници од УО, Комисијата за жалби и Извршната канцеларија. Наодите од оваа работилница беа презентирани на дебата за граѓанска вклученост во работата на СЕММ, што се организираше во Охрид на 28 ми ноември, 2018 година.

На средбата исто така се дискутираа и беа прифатени измените на Статутот и Правилниците на СЕММ, се со цел поефикасно функционирање на Советот.

Во тек е подготовка на Стратегиски план за транспарентност, отчетност и комуникација со јавноста.
Подготвени се и претставени Правила за прием на Интернет портали за членови во СЕММ.

**2.7 Градење на капацитетите на СЕММ**

Претставници на Комисијата за жалби и на Извршната канцеларија во март 2018 година, во Амстердам, организираа дводневна заедничка работилница со Советот за етика во Холандија, каде што се дискутираше за предизвиците на саморегулацијата, начините на соработка со други институции и организации и за потребата од дополнување на етичките кодекси кои ги користат комисиите за жалби.

**2 Идни активности на Советот за етика во медиумите**

Активностите на СЕММ во претстојниот период ќе бидат и понатаму фокусирани кон континуирано информирање на јавноста за надлежностите на ова тело.

# совет за етика во медиумите на македонија

Во соработка со новинарската и медиумската заедница, ќе се работи и на унапредување на етичката рамка, а особено во делот на известување на онлајн медиумите, и нејзина ефективна примена во медиумското известување.

Планирани се понатамошни активности за развивање на капацитетите на членовите на СЕММ, соработка со медиумите во едукацијата за прашања поврзани со примена на етиката

во известувањето, објавување публикации и истражувања, организирање координативни средби со донаторите, итн.

Поради потребата да се креираат соодветни механизми за самоодржливост на организацијата, планирани се активности за организирање настани, како во партнерство со медиумите и локалните организации, така и со меѓународни експерти.

СЕММ планира активно да учествува и во преземање активности за зголемување на нивото на медиумска писменост меѓу граѓаните, со цел да се подобри разбирањето на медиумската улога и придонесот во подобрување на новинарската работа. Планирани се и идни настани со регионалните совети за етика, како и со совети од мрежата на АИПЦЕ.

Марина Тунева ______________________

Извршен директор на СЕММ

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595